**Едноставни техники за штедење за создавање добри навики за трошење**

Луѓето штедат секојдневно. Секој од нас има различни желби и интереси поради кои штеди. Но, исто така постојат еден куп заблуди и стереотипи околу тоа кој треба да штеди и зошто. Некои луѓе сметаат дека штедењето е одлика на сиромашните, други пак веруваат дека не треба да штедат бидејќи имаат и повеќе од доволно. Но, штедењето не значи да се биде сиромашен, туку да се биде паметен. Оние кои штедат размислуваат на долг рок и сакаат да си ја обезбедат иднината.

Луѓето штеделе и во минатото, штедат денес, а верувам дека така ќе продолжиме и во иднина. Според мене, постојат таканаречени „правила за штедење“, со кои животот се поедноставува. Една од најважните работи е да не трошиме на нешто непотребно само затоа што е тренд или го имаат нашите пријатели, на пример, маркирана облека или најнова серија на телефон. Тоа причинува само моментално задоволство за кое се одвојува цел куп пари. Секој кој сака да живее економично треба да го преобрази начинот на размислување и својот вокабулар. Наместо „сакам“ ќе користи „ми треба“. Гледајќи ги фактичката состојба и своите потреби ќе направи јасна граница помеѓу реалните потреби и моменталните интереси.

Една стара мудрост вели: „Човековото око е ненаситно.“ Потребен е баланс меѓу вистинските потреби и задоволувањето на желбите. Освен тоа, не е лошо да се купува поевтино. Голем дел од луѓето практикуваат купување скапи производи поради нивниот општествен статус и репутација. Но, во суштина многу е покорисно доколку истите ги купиме за пониска цена, а притоа исплатлива. Понекогаш претеруваме и со ова „правило“, па за да купиме одреден производ поевтино го поминуваме целиот град. Економичните луѓе во оваа ситуација прво ја пресметуваат исплатливоста, а потоа делуваат. Сакајќи да заштедиме, несвесно трошиме време и пари за превоз.

Со штедењето луѓето си ја обезбедуваат иднината. Никој не би можел да предвиди како ќе се развиваат настаните и што ќе се случува за неколку години. Еден пример за тоа е моменталната пандемија која нанесе тежок удар дури и на најразвиените економии во светот. Неизвесноста на идните денови е јасен сигнал за потребата од штедење. Оние кои водат економичен начин на живот, освен за „црни денови“, штедат и за остварување на некоја примарна цел. Купување нова куќа, одмор од соништата, безгрижни пензионерски денови... Тие имаат своја финансиска слобода. Штедењето е полесно и поедноставно во денешно време. Сè почесто се присутни современите начини на штедење преку: купони, кешбек, приватни пензиски фондови и најразлични распределби на средствата. Според ова, освен традиционалните начини на штедење, денес имаме и други опции.

Важно е сите да штедиме. А навиките за штедење се стекнуваат во семејството. Со еден економичен начин на живеење, исполнување на сите потреби и понекогаш задоволување на желбите се создаваат нови паметни

генерации. Генерации кои ќе напредуваат и ќе водат сметка за иднината исто толку како и за сегашноста. Млади луѓе кои нема да го потрошат и последиот денар на непотребни „тренди“ со изговор дека штедењето е за сиромашните. Напротив, своите заштеди ќе ги стават во каса, со што ќе си ја обезбедат иднината.

**Ана Трпевска IV-13**

**СЕПУГС „Васил Антевски Дрен“ - Скопје**